Врз основа на Договор за финансиска поддршка од страна на EIT Climate – KIC, Општина Свети Николе, на ден 08.10.2024 година објавува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ - ГРАДОНАЧАЛНИК -
Бр. 0903-63/6-7
08.10.2024 год.

# ЈАВЕН ОГЛАС

## За ангажирање на специјалисти во проектот „Лабораторија на отпорност во Свети Николе"

Општина Свети Николе објавува оглас за ангажирање на специјалисти во рамки на проектот „Лабораторија за отпорност во Свети Николе." Проектот има за цел да изгради системски пристап за развивање на отпорноста, кој вклучува климатска адаптација и адресирање на клучните потреби во заедницата.

Во рамки на проектот, специјалистите ќе работат на испорака на неколку клучни резултати, вклучувајќи:

1. Базична проценка – Проценка на сегашните и идните климатски ризици, како и приоритет на адаптивните потреби на заедницата.
2. Стратегија за климатска отпорност – Заедничка визија и патеки за адаптација, со стратегија за вклучување на засегнатите страни.
3. Акциски план – Детален план за краткорочни и среднорочни активности, со рамка за мониторинг.
4. Инвестициски план – Проекти кои можат да се финансираат за спроведување на стратегијата и акцискиот план.

Овие активности ќе ги поставаат темелите за климатска отпорност на регионот и ќе помогнат во создавањето на поотпорна заедница.

<u>**Потребни специјалисти кои ќе бидат ангажирани:**</u>

1. Специјалист за развојни резултати (1 личност)
2. Специјалист за соработка со заедницата и засегнатите страни (1 личност)
3. Специјалист за комуникација (1 личност)
4. Специјалист за мониторинг и евалуација (1 личност)
5. Специјалист за управување со проекти (1 личност)

Подетални инфорации за секоја од улогите:

1. **Специјалист за развојни резултати**

   Позиција: Специјалист за развојни резултати
   Локација: Општина Свети Николе
   Тип: Договор за ангажман на определено време
   Времетраење: 16 месеци

Преглед: Општина Свети Николе бара посветен и квалификуван професионалец да се приклучи на тимот како специјалист за развојни резулатати.

Клучни одговорности:

- Координирање и следење на развојот на клучните резултати на проектот за климатска отпорност, со фокус на испорака на базична проценка, стратегија за климатска отпорност, акциски и инвестициски план.
- Планирање и организирање работни сесии со проектниот тим за поставување на темелите на климатска адаптација во регионот.
- Организирање партиципативни работилници со цел мапирање, визионирање и планирање, со вклученост на засегнатите страни и заедницата.
- Управување со надворешни експерти и обезбедување навремен развој на сите релевантни материјали поврзани со проценка на климатските ризици и стратегии за отпорност.
- Следење и оценување на постигнатите резултати и влијанието на проектот, со редовно известување за напредокот и ефективноста.
- Креативност, проактивност, способност за тимска работа и флексибилност;
- Максимална посветеност и одговорност кон работењето и почитување на рокови и
- Желба за работа во мултидисциплинарна средина, со отворени, проактивни и динамични луѓе

Квалификации:

- Диплома по општествени науки, комуникации или поврзана област;
- Силни аналитички, комуникациски и тимска работа вештини;
- Запознавање со алатките и методологиите за анализа на податоци;
- Способност за работа во динамична средина и
- Одлични комуникациски вештини и способност за пишување.

## 2. Специјалист за соработка со заедницата и засегнатите страни

Позиција: Специјалист за соработка со заедницата и засегнатите страни
Локација: Општина Свети Николе
Тип: Договор за ангажман на определено време
Времетраење: 8 месеци

Преглед: Општина Свети Николе бара посветен и квалификуван професионалец да се приклучи на тимот како специјалист за соработка со заедницата и засегнатите страни.

Клучни одговорности:

- Координирање на заедницата и засегнатите страни за времетраењето на проектот;
- Мапирање на засегнатите страни и потенцијални соработници;
- Контактирање со засегнатите страни за учество на различни проектни работилници и настани;
- Координирање на партиципативните активности во проектот и
- Собирање и анализирање на повратните информации од засегнатите страни.

Квалификации:

- Диплома за општествени науки, економски науки, правни науки или поврзана област;
- Искуство во ангажман на засегнатите страни, пристап до заедницата или слична улога;
- Силни комуникациски и интерперсонални вештини;
- Способност за работа самостојно и како дел од тим;
- Познавање на Microsoft Office и платформи за ангажирање;
- Креативност, проактивност, способност за тимска работа и флексибилност;
- Максимална посветеност и одговорност кон работењето и почитување на рокови и
- Желба за работа во мултидисциплинарна средина, со отворени, проактивни и динамични луѓе.

## 3. Специјалист за комуникација и дисеминација

Позиција: Специјалист за комуникација и дисеминација
Локација: Општина Свети Николе
Тип: Договор за ангжман на определено време
Времетраење: 12 месеци

Преглед: Општина Свети Николе бара посветен и квалификуван професионалец да се приклучи на тимот како специјалист за комуникација и дисеминација.

Клучни одговорности:

- Координирање на активностите за комуникација и дисеминација;
- Спроведување на комуникацискиот план развиен од страна на партнерите на проектот;
- Управување со каналите за комуникација на Општината;
- Креирање на привлечна содржина за различни платформи (социјални медиуми, билтени, веб-локации);
- Координирање и управување со активностите за дисеминација на проектните активности
- Координирање на развојот и објавувањето на комуникациски материјали.

Квалификации:

- Диплома за комуникација, маркетинг, информатички науки или поврзана област;
- Искуство во областа на комуникација и дисеминација, социјални медиуми, ПР и сл;
- Високо развиени интерперсонални, маркетинг и комуникациски вештини;
- Умешност за пишување и подготовка на натписи за медиуми и веб платформа;
- Одлично познавање и работа со пакетот Microsoft Office (Excel, Word, Power Point) и сродни алатки за ефективно работење како: Google Drive, Outlook и сл.
- Креативност, проактивност, способност за тимска работа и флексибилност;
- Максимална посветеност и одговорност кон работењето и почитување на рокови и
- Желба за работа во мултидисциплинарна средина, со отворени, проактивни и динамични луѓе.

## 4. Специјалист за мониторинг и евалуација

Позиција: Специјалист за мониторинг и евалуација
Локација: Општина Свети Николе
Тип: Договор за ангажман на определено време
Времетраење: 8 месеци

Преглед: Општина Свети Николе бара посветен и квалификуван професионалец да се приклучи на тимот како специјалист за мониторинг и евалуација.

Клучни одговорности:
- Развивање и спроведување на рамки и планови за мониторинг и евалуација на напредокот на развојот на испорачаните и севкупните проектни активности;
- Собира, анализира и толкува квантитативни и квалитативни податоци;
- Подгответе детални извештаи и презентации за наодите и препораките
- Соработува со проектниот тим во имплементацијата на проектот.

Квалификации:
- Диплома од општествени науки, економски науки, меѓународен развој или поврзана област;
- Искуство во мониторинг и евалуација;
- Силни аналитички и интерпретациски вештини;
- Креативност, проактивност, способност за тимска работа и флексибилност;

- Максимална посветеност и одговорност кон работењето и почитување на рокови и
- Желба за работа во мултидисциплинарна средина, со отворени, проактивни и динамични луѓе

5. **Специјалист за управување со проекти**

Позиција: Специјалист за управување со проект
Локација: Општина Свети Николе
Тип: Договор за ангжаман на определено време
Времетраење: 16 месеци

Преглед: Општина Свети Николе бара посветен и квалификуван професионалец да се приклучи на тимот како специјалист за управување со проект.

Клучни одговорности:

- Внатрешно управување со проектот во Општина Свети Николе;
- Координирање на активностите во секој од работните пакети;
- Кординација на процесот на ангажирање на надворешни експерти
- Подготовка на програмски и финансиски извештаи до донаторот
- Обезбедување на навремена испорака според акциониот план и
- Координација со надворешните проектни партнери и органот за доделување.

Квалификации:

- Диплома од општествени науки, економски науки, меѓународен развој или поврзана област.
- Искуство во управување со проекти.
- Силни аналитички и интерпретациски вештини.
- Креативност, проактивност, способност за тимска работа и флексибилност;
- Максимална посветеност и одговорност кон работењето и почитување на рокови и
- Желба за работа во мултидисциплинарна средина, со отворени, проактивни и динамични луѓе.

**Сите заинтересирани кандидати потребно е да испратат свое CV и мотивациско писмо на ler@svetinikole.gov.mk со назнака: Апликација за позицијата за која сте заинтересирани по проект Лабораторија на отпорност во Свети Николе.**

**Дозволено е една личност да аплицира на две позиции кои што би се извршувале наизменично.**

**Краен рок за аплицирање: 19.10.2025, до 15:30 часот.** Само кандидати од потесен избор ќе бидат контактирани и повикани на интервју.

*Овој оглас е во склоп на проектот „Лабораторија на отпорност во Свети Николе"*#Pathways2Resilience *кој е финансиран од EIT CLIMATE KIC. Овој проект го спроведува Општина Свети Николе во партнерска соработка со СмартАп – Лабораторијата за социјални иновации.*

Општина Свети Николе

ГРАДОНАЧАЛНИК

Дејан Владев